Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 475/0306
31.12 20 20 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 24 декември 2020 година, врз основа на примена жалба од Истражувачка репортерска лабораторија (ИРЛ), ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Телевизија „Сител“, со текстот насловен „Отворено писмо од припадници на АРМ: Ни ја менувате историјата, ни ги распродавате хероите кај соседите, има ли крај“, објавен на веб-страницата на медиумот, го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 1, 4 и 8.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 10 декември 2020 година, Истражувачката репортерска лабораторија (ИРЛ) поднесе жалба за текстот со наслов „Отворено писмо од припадници на АРМ: Ни ја менувате историјата, ни ги распродавате хероите кај соседите, има ли крај“, објавен на 2 декември 2020 година, на веб – страницата на телевизија „Сител“ (www.sitel.com.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување и незастапена втора страна, односно дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 1.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со телевизија „Сител“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалбата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и едногласно одлучи дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 4 и 8.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 4:*** *„Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити“.*

***Член 8:*** *„Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 24 декември 2020 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, се согласи дека се работи за едностран новинарски производ. Во оспорениот текст се пренесува содржина насловена „отворено писмо“ од припадници на АРМ, во кое се реагира на политиките кои ги водел државниот врв. Темата, сама по себе, е од јавен интерес, но не на начинот на кој е обработена содржината. Во текстот не се наведува никаков извор, детали околу потеклото на писмото или линк до содржината, дали и од каде е преземено, ниту податок колкава група припадници на АРМ стојат зад писмото. Во отсуство на таква потврда, интегрално пренесеното писмо ја губи релевантноста и веродостојноста и отвора реална опасност од дезинформирање и доведување на јавноста во заблуда.

Оттука, авторот пред воопшто да ја објави веста, морал да ја провери информацијата колку што може повеќе и, пред сѐ, да побара став од Владата или од Министерството за одбрана за да обезбеди пообјективна и поцелосна информација. Сосема поинаква слика ќе добиел новинарскиот производ доколку биле контактирани надлежните институции за да се изјаснат за содржината на писмото, во кое се изнесени сериозни наводи упатени кон државниот врв:

***„Ни го сменивте името на државата, ни ја зедовте Македонија од униформата и ни забранивте да ја носиме, не разоружувате од оружјето и орудијата кои имаат респективна огнена моќ....“***

***„Црвот на сомнежот сé повеќе ги разјадува нашите убедувања дека Вашите намери за живот во мир и благосостојба на народот во Македонија се чесни и искрени.“***

***„Немојте да нé тестирате до каде ни е прагот на толеранција!“***

***„П.С. Не нé барајте преку службите, доволно нé има, од сите чинови, должности и од сите единици.“***

Според горенаведеното, Комисијата најде дека телевизија „Сител“ го прекршила **членот 1** од Кодексот на новинарите. Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати во новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога се изнесуваат сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора. Изборот на фактите мора да обезбеди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори.

Понатаму, Комисијата утврди дека во текстот е прекршен и **членот 4** од Кодексот на новинарите, кој налага дека новинарот треба го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити. Погрешното лоцирање на изворот или измислување на изворот за да се презентираат неточни, нецелосни и недоволно

проверени информации се смета за грубо кршење на новинарските стандарди. Новинарот секогаш треба да биде критичен кон изворот и да ги провери доставените информации. Особено внимание да се обрне во ситуции кога се користат анонимни извори или кога на новинарот му се нудат ексклузивни информации. Тогаш треба особено строго да се проверат мотивите на доставувачот на информацијата.

Во продолжение, членовите на Комисијата заклучија дека во текстот е прекршен и **членот 8** од Кодексот на новинарите, според кој, начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми.

Во овој контекст, Комисијата ги повикува медиумите да бидат особено внимателни кон своите извори и информациите да ги примаат со доза на резерва и воздржаност пред да одлучат да ги објават.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува веб-страницата на телевизија „Сител“ (www.sitel.com.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595